# Најоптимален?

Маргарита Бузалковска - Алексова
Философски факултет, Скопје
Институт за класични студии
buzalkov@systasis.org.mk

Често се слуша, особено во повисоките кругови во нашава земја, зборот *најоптимален*. Прашањето е во недостатокот од класичното образование во средните училишта. Станува збор за латинската придавка *bonus*, „добар“, чиј компаратив, „подобар“, гласи *melior*, *melius*, а суперлатив, „најдобар“ – *optimus*.

Така, сосема е неправилно да се употребува „најоптимален“, зашто тоа во превод би значело „најнајдобар“ и би упатувало на целосно немање поим за потеклото и значењето на овој преземен збор, кој со истото значење се употребува и во другите источноевропски и западноевропски јазици.

Така, последователно, човек би се обидел на истиот начин да го препреведе и на овие јазици, што, се разбира, би претставувало апсурд и за соговорниците или слушателите / читателите.